АГЕНЦИЈА
ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА
ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО
NATIONAL EXTENSION AGENCY

AGJENCIA
PËR NXITJEN TË ZHVILLIMIT TË
BUJQËSISË
NATIONAL EXTENSION AGENCY

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО**

# ПРАВИЛНИК

## ЗА НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ, КАКО И НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ, БРИШЕЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА МЕДИУМОТ

## ВО
## АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

**Битола, февруари 2022 година**

Врз основа на член 6 од Законот за основање на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/98, 43/14 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 27/19), како и врз основа на член 24 и 36 од Статутот на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, а во врска со член 20 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на РСМ“ бр. 122/20), Управниот одбор на Агенцијата на седницата одржана ден ____________ година донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ, КАКО И НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ, БРИШЕЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА МЕДИУМОТ**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите што се користат за обработување на личните податоци од страна на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (во понатамошниот текст: Агенцијата).

**Член 2**

Документите од став 1 на овој член се уништуваат со ситнење или со друг начин, при што истите повторно да не можат да бидат употребливи, за што комисијата составува записник којшто го доставува до директорот на Агенцијата.

Во записникот задолжително се наведуваат сите податоци за целосна идентификација на документите што се уништуваат како и категориите на лични податоци содржани во истите.

Одредбите од овој член се применуваат и при уништувањето на копиите или умножените документи.

**Член 3**

По пренесувањето на личните податоци од медиумот или по истекот на определениот рок за чување, медиумот се уништува, брише или пак се чисти од личните податоци кои што се снимени на него.

Уништувањето на медиумот се врши со механичко разделување на неговите составни делови, при што истиот повторно да не може да биде употреблив.

Бришењето или чистењето на медиумот се врши на начин што оневозможува понатамошно обновување на снимените лични податоци.

За случаите од ставовите 1 и 2 на овој член комисијата составува записник, кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на медиумот, како и за категориите на лични податоци снимени на истиот.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на ВЕБ страната на Агенцијата.

**Заменик претседател**
**на Управен одбор**
**_____________________**
**Симе Шурбевски**

**Број ______________**
**Датум ___________ година**
**Битола**